Врз основа на член 50 став 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ, број 05/02 )и член 36 став 1 од Статутот на Општина Штип (Службен гласник на Општина Штип, број 01/03, 08/07, 11/8, 07/09 и 16/09, 04/11 и 13/14)Градоначалникот на Општина Штип на ден 04.10.2024 година објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

За аплицирање на предлог активности од здруженија и фондации од Општина Штип за Програмата за еднакви можности за 2026 година

Се повикуваат сите заинтересирани здруженија и фондации од Општина Штип регистрирани според Законот за здруженија и фондации (Службен Весник на РМ бр. 52/2010, 135/2011 и 55/2016) кои преку својата работа придонесуваат за развојот на локалната заедница во делот на родовата рамноправност да се пријават со свои предлог активности кои ќе бидат вклучени во Програмата за еднакви можности за 2026 година.

Приоритетни области и цели:

1. **Подобрување на пристапот на жените и мажите до квалитетни здравствени и социјални услуги;**
   - Спроведување на кампањи за подигање на свсета за заштата на женското и машкото здравје;
   - Истражување и анализа на потребите за ангажирање на здравствени работници со цел подобрување на пристапот до здравствените услуги на жените со фокус на жени од руралните подрачја;
   - Спроведување на анализа за појавата на професионални заболувања на жени од текстилната и кожарската индустрија;
   - Истражување и анализа на потребите од социјални услуги на територијата на Општина Штип:
     - потреба од советување и психосоцијална поддршка (за поединци, деца, семејства во криза поради насислство, зависности, сиромаштија, развод ),
     - потреба од помош и нега во домот (стари лица, лица со попреченост, болни лица), потреба за посетување на дневни центри за лица со попреченост (деца и возрасни),
     - потреба од поддршка за раниот детски развој (особено за семејства во социјален ризик),
     - потреба од прифатилишта и транзитни центри (за лица жртви на семејно насилство, бездомници, бегалци),

- ➢ потреба од рехабилитација и ресоцијализација (лица по издржана казна , со зависност или институционално сместени),
- ➢ потреба од поддршка за вработување и образование (на млади, невработени лица, лица со попреченост, самохрани родители),
- ➢ потреба за сместување во старски дом (стари лица без можност за грижа во семејството).

- Организирање на обуки за негователи и асистенти – даватели на услуги.
- Давање на бесплатни фитнес тренинзи со цел подобрување на психо-физичкото здравје на жените подложни на професионални заболувања.

**2. Подобрување на економската положба на жените во општина Штип со акцент на развој на женското претприемништво;**

- Изработка на студија за потребите на жените на територија на Општина Штип за нивно економско зајакнување;
- Осмислување и спроведување на почетни обуки за женско претприемништво (најмалку 100 обучени жени).

**3. Зголемено учество на жените во општествениот живот;**

- Едукација за девојчиња (со фокус на ромското население и населението од руралните средини) за поттикнување за стекнување на повисок степен на образование и користа од него;
- Обезбедување на обука за наставниот кадар во предучилишните установи за родова еднаквост и надминување на стереотипите за улогите на жените и мажите
- Зголемување на свеста и интересот кај девојчињата и момчињата за нетипични професии (ИКТ, металругија, воспитувачи и сл.)

**4. Спречување на родово базираното насилство;**

- Сервис за психолошки третман на сторители на насилство.
- Воведување /развој на услуга за психо-социјална поддршка за жртвите.
- Поддршка на сервис за бесплатна правна помош за жртвите на родово базираното насилство.

Право на учество имаат сите здруженија и фондации од Општина Штип кои:

- Се регистрирани согласно Законот за здуженија и фондации (Службен Весник на Рм бр. 52/2010, 135/2011 и 55/2016 );
- Имаат седиште на територијата на Општина Штип;
- Дејствуваат на територијата на Општина Штип и активностите кои ќе ги предложат да се во согласност со Стратегијата за родова рамноправност на Општина Штип (2021-2025);

- Предложените активности да може да се реализираат во периодот јануари- декември 2026 година.

Потребна Документација која здруженијата и фондациите треба да ја достават:

- Предлог активност заедно со потребните финансии за реализација;
- Копија од Решението за упис во регистерот на Здруженија и фондации;
- Профил на организацијата и сертификати за лицата кои ќе бидат одговорни за реализција на предложената активност.

**Јавниот повик трае 15 дена од денот на објавување на повикот.**

Предлозите со потребните документи треба да се доставаат најдоцна до **20 ноември 2025 г.** во архивата на Општина Штип, електронски на меил адресата: snezana.saneva@stip.gov.mk,snezesaneva@yahoo.com или преку пошта на адреса:

Општина Штип –Коодинатор за еднакви можности на Општина Штип Снежана Санева

Ул.,,Васил Главинов,, 4Б

2000 Штип.

*Изработил: С.Санева*

*Одобрил:*

*Секретар на Општоина Штип*

*Вишна Шорова Ангелова*

Бр. 09 – 7294/1

04.11.2025 год.

Штип

**Општина Штип**

**Градоначалник**

**Иван Јорданов**